Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, Елита Шуки – заменик претседател, м-р Мишо Василевски – член, Сузана Раваноска – член и Томо Томовски – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот – „УНИОН-БУС“ ДООЕЛ с.Палатица, Желино наш број 09-89/1 од 01.02.2018 година, изјавена против Одлуката за поништување на дел 5 од 25.01.2018 година, Одлуката за поништување на дел 6 од 25.01.2018 година и Одлуката за поништување на дел 7 од 25.01.2018 година донесени по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.7/2017 за набавка на услуги – договор за јавна набавка на услуга „Превоз на редовни ученици во СОУ во Тетово од местото на живеење до училишниот центар и обратно за 2018 година" на договорниот орган – ОСМУ Никола Штејн - Тетово, врз основа на член 220 став (2), а во врска со член 221 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015, бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016 и бр.165/2017), на 07-та Седница одржана на ден 07.02.2018 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. **СЕ ЗАПИРА** постапката по жалбата на жалителот „УНИОН-БУС“ ДООЕЛ с.Палатица, Желино, изјавена Одлуката за поништување на дел 5 од 25.01.2018 година, Одлуката за поништување на дел 6 од 25.01.2018 година и Одлуката за поништување на дел 7 од 25.01.2018 година донесени по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.7/2017 за набавка на услуги – договор за јавна набавка на услуга „Превоз на редовни ученици во СОУ во Тетово од местото на живеење до училишниот центар и обратно за 2018 година" на договорниот орган – ОСМУ Никола Штејн - Тетово.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА договорниот орган** на жалителот да му ги надомести трошоците на жалбената постапка во висина од 250,00 денари на име административна такса и надомест за водење на постапка во висина од 24.614,00 денари, **во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот.**

3. Против овој Заклучок не е дозволена посебна жалба.

***О б р а з л о ж е н и е***

Договорниот орган, ОСМУ Никола Штејн - Тетово, спровел постапка за јавна набавка со Отворена постапка бр.7/2017 за набавка на услуги – договор за јавна набавка на услуга „Превоз на редовни ученици во СОУ во Тетово од местото на живеење до училишниот центар и обратно за 2018 година" за што донел Одлука за избор на најповолна понуда за дел 1 од 25.01.2018 година, Одлука за избор на најповолна понуда за дел 2 од 25.01.2018 година, Одлука за избор на најповолна понуда за дел 3 од 25.01.2018 година, Одлука за избор на најповолна понуда за дел 4 од 25.01.2018 година, Одлука за поништување на дел 5 од 25.01.2018 година, Одлука за поништување на дел 6 од 25.01.2018 година и Одлука за поништување на дел 7 од 25.01.2018 година.

Незадоволен од Одлуката за поништување на дел 5 од 25.01.2018 година, Одлуката за поништување на дел 6 од 25.01.2018 година и Одлуката за поништување на дел 7 од 25.01.2018 година, жалба изјави економскиот оператор „УНИОН-БУС“ ДООЕЛ с.Палатица, Желино.

Во дополнувањето на одговорот на жалбата бр.0306-53/3 од 07.02.2018 година, договорниот орган наведува дека жалбата на жалителот е основана, истата согласно член 221 од Законот за јавни набавки ја уважува со цел да го исправи дејствието што го пропуштил за дел 5, дел 6 и дел 7.

Оттука, Државната комисија разгледувајќи ги доставените писмени докази, како и наводите на двете страни, утврди дека договорниот орган постапил согласно со одредбите од член 221 од Законот за јавните набавки кој предвидува: „1) Ако договорниот орган по приемот на жалбата, најде дека истата е делумно или во целост основана, може постојната одлука да ја стави вон сила, односно да донесе нова одлука, или да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка, да го исправи дејствието, да го преземе дејствието што го пропуштил или да спроведе нова постапка за доделување на договор за јавна набавка, со известување на учесниците во постапката на начин пропишан со овој закон, во рок од пет дена од приемот на жалбата. 2) Против новата одлука, дејствие или пропуштање за преземање дејствие, подносителот на жалбата има право на жалба под условите предвидени со овој закон“ и 3) Договорниот орган кој ги користи овластувањата пропишани со овој член, должен е за тоа да ја извести Државната комисија со

доставување на новата одлука, односно докази за доставување на истата на жалителот.

Со оглед на фактот што договорниот орган постапил согласно со член 221 од Законот за јавните набавки, Државната комисија за жалби по јавни набавки донесе заклучок со кој се запира постапката по жалбата на жалителот „УНИОН-БУС" ДООЕЛ с.Палатица, Желино.

Бр.09-89/5
07.02.2018 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Маја Малахова**

Доставено до:
- Архива,
- „УНИОН-БУС" ДООЕЛ с.Палатица, Желино, ул.102 бр.22 с.Палатица, Желино
- ОСМУ Никола Штејн – Тетово, ул.„Илинденска" бб, 1200 Тетово